За потребите на проектот „Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција“, Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ испраќа:

## ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ – ЕКСПЕРТИ и СОРАБОТНИЦИ** за потребите на проектот „Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција“

1.Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ во рамките на проектот „Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција“, во партнерство со Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење од Скопје, финансиран од Делегацијата на Европската Унија, преку ИПА 2, 2014 грантова шема “Зајакнување на влијанието на граѓанското општество за ефективни реформи во правниот сектор“, има потреба од обезбедување на услуги – 2 (двајца) експерти и 3 (тројца) соработници**.**

2.Периодот на спроведување на задачите ќе започне по потпишување на договорот помеѓу АДИ и избраните експерти и соработници. Услугите треба да се испорачаат најдоцна до 20.06.2021 година.

3.Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Прилог 1. Кратка биографија;
- Прилог 2. Пропратно писмо со краток опис за мотивот за пријавување;
- Прилог3.Предлог методологија на работа ***(важи само за експертите, соработниците не доставуваат Прилог 3);***
- Прилог 4. Изјава за ексклузивност и достапност;
- Прилог 5. Образец за финансиска понуда
- **Дополнителни прилози:** Најмалку три препораки од слични работни ангажмани на експертите и најмалку две препораки од слични ангажмани на соработниците.

4.Изборот на добавувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.

5. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности на добавувачот.

6. Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува во затворен коверт до архивата на Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ (бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар). На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0503-603“, позицијата за која аплицирате:

This project is funded
by the European Union

експерт или соработник и текстот "Да не се отвора пред сесијата за евалуација”. Во случај на доставување на понудата по електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: linda@adi.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е 5 дена од прием на поканата, но не подоцна од 31.05.2019 година до 16:00 часот. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Со почит,
Алберт Муслиу,
Прв Извршен директор,

Здружение Асоцијација за демократска иницијатива